



# „Зеро“ работи на голем мурал на МКЦ

*Дневен весник (Ед. бр. 23839)*

**ЛИК**

24.08.2016 13:00

351

По три децении од култниот мурал на ликовната група „Зеро“ во Младинскиот културен центар, тогашен дом на млади „25 Мај“, повторно обединети уметниците Александар Станкоски, Беди Ибрахим, Златко Трајковски, Синиша Цветковски, Зоран Јаневски, Роберт Михајловски, Горанчо Ѓорѓиевски, Стефан Шашков и Владо Манчевски-Марсо, со духовен и творечки благослов на Перица Георгиев-Пепси и Миодраг Десовски-Мишко, кои повеќе години се надвор од Македонија, се пред нов предизвик - изработуваат мурал со грандиозни димензии, 60 квадратни метри, на надворешниот ѕид на киното „Фросина“ во МКЦ.

- Потребата од каков било натамошен обид за експликација за значењето и големината на ваквиот зафат е целосно непотребна. Несреќен и брутален е суровиот факт дека градот Скопје сѐ уште е без ниеден мурал. Си споменувате, во минатото муралот на „Зеро“ на фасадата кај боемската меана „Јоле“ и муралот на „Куќата на зелените“ во Градскиот парк, беа трајно уништени. Исто така и муралот на Мирослав Масин, Тања Балаќ и Предраг Пепи Урошевиќ на некогашната стара железничка станица, како и муралот на „Зеро“ во штипскиот дом на млади, иронично пребојадисан со поликолор „гнила вишна“ - велат од МКЦ.

Муралот ќе биде промовиран на 7 септември, во рамките на одбележувањето на 25 години независна Македонија. Тој ќе биде осветлен и ќе бидат поставени урбана опрема и зеленило, во согласност со проектот на архитектот Јован Ивановски.
Покрај овој мурал, „Зеро“ го реставрира и својот веќе постоен култен мурал во холот на МКЦ, создаден на средината на 1980-тите.

Во текот на настанувањето на муралот, целиот процес ќе биде забележан од Стефан Шашков, за што во наредната година ќе биде промовиран документарен филм во режија на Александар Станковски.

Групата „Зеро“ во 1980-тите години претставуваше парадигма за вонинституционално генерациско дејствување на македонската ликовна сцена. По долгогодишната апстиненција и одржувањето на нивната ретроспектива (2010 г.), тие повторно се реконституираа со својот цинично-ироничен необарокен проект „Досие-шлепер“. Во 2011 г. беа македонски претставници на 54-то Венециско биенале, а истата година следуваше и нивна изложба во Њујорк.

**В.Д.**

**КЛУЧНИ ЗБОРОВИ**

„Зеро“ МКЦ мурал

**КОМЕНТАРИ**